Влада на Република
Македонија
Министерство за
земјоделство,
шумарство и
водостопанство
Бр.26-5147/3
Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ
СО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС

# КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ПРИ МЗШВ ВО ВРСКА СО ЧЛ.42 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

**-ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА-**

*Скопје, Април, 2010*

## Инструкции за понудувачите

**1. Договорен орган**
Договорен орган е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса на ул. Јуриј Гагарин бр.15, телефон за контакт 02/ 3 134 477, факс 02/ 3 230 429, веб страна: www.mzsv.gov.mk.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**
Предмет на договорот за јавна набавка се **Консултантски услуги за потребите на Секторот за внатрешна ревизија при МЗШВ**, во врска со член 42 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а согласно одредбите од Законот за јавни набавки (“Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07 и 130/08) и тоа: Услуги од чл. 17 ст.1 алинеја 1– советодавни услуги за менаџментот и поврзани услуги (освен услуги за арбитража и посредување) – категорија 11.
Предметот на набавката не е делив.
Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.
**Тендерската документација е бесплатна и е достапна на веб страната на Електронскиот сисмтем за јавни набавки како и на веб страната на МЗШВ.**

**3. Начин на извршување на услугата**
Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата-предмет на договорот на следниов начин: местото на извршување на услугата ќе биде утврдено по налог доставен од договорниот орган.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**
Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**5. Рок за извршување на услугата**
Избраниот понудувач е должен да ги извршува понудените услуги, во текот на целото времетраење на овој Договор, а по налог и временска рамка побарана од страна на договорниот орган. Времетраењето на Договорот изнесува 12 месеци, со можност за продолжување, но не повеќе од проценетата вредност предвидена со оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка.

**6. Начин на плаќање**
Начинот на плаќање ќе се извршува со исплата на месечно ниво, во зависност од реализираната работа за тековниот месец од страна на избраниот економски оператор, се до завршувањето на овој Договор.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**
За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:
7.1. **Лична состојба**
- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

7.2. **Способност за вршење на професионална дејност**
За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
7.3. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот.
7.4. **Техничка или професионална способност**
Критериум за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот е:
Понудувачот треба да има доказ дека има вработено или работно ангажирано лице од следните области (сите со минимум 5 години работно искуство):
- градежен инжинер и архитект,
- ветеринарен инжинер,
- меѓународен финансиски експерт,
- земјоделски инжинер или земјоделски техничар, и
- технолошки инжинер (прехранбена насока).

**8. Начин на докажување на способноста на понудувачот**
Понудувачот треба да ги поседува следниве документи за докажување на својата способност, во зависност од критериумите предвидени во точка 7 од оваа тендерска документација, и тоа:
8.1. За докажување на личната состојба:
- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран, и
- уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 8.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

8.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност:
За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

8.3. За докажување на техничката или професионална способност:
- листа на главни услуги на понудувачите или кандидатите извршени во последните три години, со вредности, датуми, набавувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување на потврда на извршени услуги издадени од примателите или само со негова изјава за извршени услуги;

- образовни и професионални квалификации на еконмскиот оператор или на неговиот стручен кадар и особено на лицата кои се одговорни за давање на конкретната услуга;
- изјава за ангажиран технички персонал

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно член 102, став 4 од Законот за јавните набавки,** понудувачот не треба со својата понуда да ги достави горенаведените документи предвидени со законот како доказ за исполнување на критериумите за утврдување на способност.
Наместо тоа, понудувачот доставува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на способност, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација. Договорниот орган ќе побара само од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата способност.

**9. Изготвување и поднесување на понудите**

9.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

9.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:
- Образец на понуда (Прилог 2),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способност (Прилог 3),
- Образец ТЕCH-1 Предлог консултанти (Прилог 4),
- Образец ТЕCH-2 Лична биографија (CV) - за секој предложен консултант поединечно (Прилог 5).

**Напомена: Обрасците ТЕCH-1 и ТЕCH-2 заедно да се доставаат во посебен плик во состав на понудата со назнака – "Образец ТЕCH-1 и Образец ТЕCH-2".**

9.3. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

9.4. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува **60** дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

9.5. Запечатување на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.
Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:
- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај", да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку сите плика не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.

9.6. Принцип на една понуда
Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**10. Краен рок и место за поднесување на понудите**
10.1. Краен рок за поднесување на понудите е **11.05.2010 година во 12.00 часот**.
10.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Јуриј Гагарин бр.15, 1000 Скопје.

**11. Јавно отворање на понудите**
11.1. Јавното отворање на понудите ќе се изврши на датумот и во часот утврдени како краен рок за поднесување на понудите- **11.05.2010 година (вторник) во 12.00 часот** на следнава локација: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Јуриј Гагарин бр.15, Скопје- **Сала за состаноци**.
11.2. Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на Комисијата да и предаде писмено овластување од понудувачот.
11.3. Овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на отворањето на понудите со давање на свои забелешки во записникот од јавното отворање на понудите

**12. Критериуми за доделување на договорот**

Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е економски најповолна понуда. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

- Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:

- Цена *(за ангажман на консултант од работен ден)*.................................70 бодови;
- Квалитет на понудени консултанти..............................................................30 бодови.

**Критериум цена:** Пресметката на бодовите за цената на понудата се пресметува процентуално во однос на најниско понудената цена и тоа најниската понудена цена се множи со максималниот број на поени и се дели со цената на понудата за која се пресметуваат поените.
**Критериум квалитет**: Бодовите за квалитет се пресметуваат на тој начин што се собираат бодовите добиени врз основа на оценување на секој понуден консултант, согласно следните утврдени критериуми:

**1. Години стаж - максимум 15 бода**
- од 5 до 10 години- 1 бод;
- од 10 до 20 години- 2 бода;
- над 20 години- 3 бода.

**2. Степен на образование (експертско ниво) – максимум 15 бода**
- ВСС- 1 бод;
- Магистар- 2 бода;
- Доктор на науки- 3 бода.

**13. Известување на понудувачите**
Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката.

**14. Правна заштита**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

## III. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Консултантите кои ќе бидат вклучени во ревизорскиот процес преку избраниот понудувач, треба да ги исполнуваат следниве карактеристики:

- да поседуваат одлични тимски и интерперсонални насочувачки вештини;
- да имаат способност за објективно разгледување и развивање на нови решенија за специфични прашања кои можат да произлезат од ревизијата на одредена област;
- да поседуваат способност на работа под притисок, како и ефективна орална и писмена комуникација;
- да носат одлуки и даваат забелешки и препораки во улога на претставници на ревизорскиот тим;
- да ги реализираат добиените работни и теренски задачи, согласно усвоениот ревизорски план; и
- да достават редовни месечни извештаи за сопствениот ангажман, односно на крајот на својот ангажман да достават финален извештај за сработеното.

**НАПОМЕНА: Економскиот оператор е должен на договорниот орган да му ги стави на располагање кандидатите наведени во понудата без право на дополнителни измени.**

## IV. МОДЕЛ НА ДОГОВОР

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ
II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ
IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ
VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА
VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА
IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ
X. РАЗЛИКА ВО ЦЕНАТА (корекција на цени)
XI. ВИША СИЛА
XII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ
XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ
XIV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
XV. КОРУПЦИСКО И ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ
XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН
XVII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

| НАБАВУВАЧ | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
| --- | --- |
| Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>МИНИСТЕР,<br>Љупчо Димовски | |
| ______________________ | ______________________ |

**Прилог:**
1. Понудбена документација

**НАПОМЕНА:**
1. Овластеното лице на понудувачот треба да го потпише, парафира понудениот модел на договор со што формално потврдува дека ги прифаќа задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.
2. Договорниот орган го задржува правото да изврши измена на приложениот модел договор.

**Прилог 2. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА**

*[ меморандум на понудувачот]*
*[архивски број и датум]*

Врз основа на огласот број 26-5147/2/2010 објавен од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, за доделување на договор за јавна набавка на **Консултантски услуги за потребите на Секторот за внатрешна ревизија при МЗШВ**, врзано со член 42 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а согласно одредбите од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07 и 130/08),а со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и на тендерската документација која ја подигнавме, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот:_______________________________________________
I.2. Контакт информации
- Адреса:_______________________________________________
- Телефон:_______________________________________________
- Факс:_______________________________________________
- Е-пошта:_______________________________________________
- Лице за контакт:_______________________________________________

I.3. Одговорно лице:
_______________________________________________

I.4. Даночен број:
_______________________________________________

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________.

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ________________________________________________________ *[со бројки]* (________________________________________________________) *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот нацрт – договор.

Место и датум
____________________________

Одговорно лице
____________________________
(потпис и печат)

**Прилог 3 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способност**

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ______________________________________________________________ во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација по огласот за доделување на договор за јавна набавка на **Консултантски услуги за потребите на Секторот за внатрешна ревизија при МЗШВ**, врзано со член 42 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а согласно одредбите од Законот за јавни набавки (“Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07 и 130/08) објавен од страна на Министерството за земјолдество, шумарство и водостопанство со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум

__________________________

Одговорно лице

__________________________

(потпис и печат)